**Агенција за електронски комуникации**
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр.13
1000 Скопје
тел. 02/3289-200; факс 02/3224-611
www.aec.mk

# Финален документ за анализа на пазар

# Пазар 7- Минимален пакет за изнајмени линии, Пазар 13 - Терминални сегменти на изнајмени линии и Пазар 14 – Преносни сегменти на изнајмени линии

(со вклучени мислења од заинтересираните страни)

**Скопје, 04.03.2010 година**

Содржина

Користени изрази

Вовед

Правна основа за анализа на пазар 7- Минимален пакет на изнајмени линии,13- Терминални сегменти на изнајмени линии и 14- Преносни сегменти на изнајмени линии

Постапка во анализата на пазар 7- Минимален пакет на изнајмени линии 13- Терминални сегменти на изнајмени линии и 14- Преносни сегменти на изнајмени линии

Соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата

Дефинирање на пазар 7- Минимален пакет на изнајмени линии, 13- Терминални сегменти на изнајмени линии и 14- Преносни сегменти на изнајмени линии

- Производи и услуги кои се обезбедуваат на релевантните пазари со краток осврт на пазарите во Република Македонија
- Проценка на супституција на страната на побарувачката и на страната на понудата
- Од аспект на побарувачката
- Од аспект на понудата
- Проценка на географскиот пазар

Анализа на релевантните пазари 7,13 и 14

- Пречки за влез на релевантните пазари и влијание на потенцијалната конкуренција

Определување на поединечна значителна пазарна моќ

- Пазарно учество на релевантните пазари
- Големината на Операторите
- Контрола на инфраструктура која не се дуплира едноставно
- Лесен или привилегиран пристап до финансиски ресурси и пристап до пазарите на капитал
- Развој на продажна и дистрибутивна мрежа
- Економија на интеграција, економија на обем и степен на вертикална интеграција

Заклучоци од анализата

Предложени обврски на Операторот зо значителна пазарна моќ

- Обврска да се овозможи пристап до некои мрежни капацитети и нивна употреба
- Обврска да се овозможи недискриминација
- Обврска да се овозможи трансарентност
- Посебно сметководство
- Контрола на цени и обврска за сметководство на трошоци
- Регулирање на малопродажни цени

## Користени изрази

*Електронска комуникациска мрежа* е преносен систем и таму каде што е применливо и комутациска или насочувачка опрема и други средства кои што овозможуваат пренос на сигнали преку жичени, радиобранови, оптички или други електромагнетни средства, вклучувајќи сателитски мрежи, фиксни (со комутација на кола или комутација на пакети, вклучувајќи и Интернет) и мобилни земски мрежи, електроенергетски кабелски системи, доколку се користат за пренос на комуникациски сигнали, радиодифузни мрежи и кабелски телевизиски мрежи, независно од видот на информациите што се пренесуваат;

*Електронска комуникациска услуга* е услуга што вообичаено се нуди за надомест, а која целосно или главно се состои од пренос на сигнали преку електронски комуникациски мрежи и ги вклучува телекомуникациските услуги и преносни услуги во мрежите наменети за радиодифузија или кабелска телевизија, но ги исклучува услугите кои овозможуваат или извршуваат уредничка контрола врз содржините пренесувани со помош на електронските комуникациски мрежи или сервиси, а не ги вклучува ниту услугите на информатичкото општество;

*Оператор на јавна комуникациска мрежа* е правно лице кое има право да гради, поседува, изнајмува и работи со јавна комуникациска мрежа и придружни средства и може да дава јавна комуникациска услуга;

*Давател на јавна комуникациска услуга* е правно лице кое обезбедува јавни комуникациски услуги без да поседува јавна комуникациска мрежа;

*Јавна комуникациска услуга* е електронска комуникациска услуга достапна до јавноста;

*Пристап* е достапност до средства/простории и/или услуги на кој било оператор под определени услови, на ексклузивна или неексклузивна основа, заради обезбедување на електронски комуниикациски услуги. Тоа меѓу другото опфаќа: пристап до елементите на мрежата и придружните средства, кои можат да вклучат поврзување на опремата преку фиксни или подвижни средства (ова особено вклучува пристап до локалната јамка и средствата и услугите неопходни за обезбедување на услуги преку локална јамка), пристап до физичка инфраструктура вклучително објекти, кабелски инсталациии антенски столбови, пристап до соодветни софтверски системи вклучувајќи системи за оперативна поддршка, обезбедување на преносливост на број или

пристап кон системи кои нудат таква еквивалентна функционалност, пристап до фиксни и мобилни мрежи, особено за роаминг и пристап до системи со условен пристап за дигитални телевизиски услуги;

*Претплатник* е физичко или правно лице кое за користење на јавни комуникациски услуги склучува договор со оператор на јавна комуникациска мрежа или давател на јавна комуникациска услуга;

*Корисник* е физичко или правно лице кое користи или бара јавна комуникациска услуга;

*Алтернативен Оператор* е правно лице кое има право да гради, изнајмува и работи со јавна комуникациска мрежа и придружни средства и може да дава јавна комуникациска услуга;

*Дигитална претплатничка линија* (xDSL – Digital Subscriber Line)

*Изнајмена линија* е електронско комуникациско средство што му овозможува на корисникот транспарентно преносно поврзување меѓу мрежни приклучни точки без можност за автоматско рутирање и комутација од страна на корисникот, како дел од можностите на изнајмени линии;

*Точка на присуство* значи приклучна точка на мрежата на алтернативниот оператор определена за Пристап, која истата ќе се поврзе со соодветната Интерконекциска точка која е во сопственост на Операторот на јавна комуникациска мрежа;

*Мрежна завршна точка* ( NTP - Network Termination Point ) значи мрежна завршна точка која се користи за физичко и логично поврзување на електронска комуникациска терминална опрема за да му се овозможи на корисникот да ги користи услугите кои се обезбедени на мрежата;

*Дигитална терминална опрема* (DTE - Digital Terminal Equipment) е дигитален уред за комуникација помеѓу една или повеќе групи на патеки за пренос на податоци со мали брзини и една или повеќе групи на патеки за пренос на податоци со големи брзини;

*Дигитална корисничка опрема* (DCE - Digital Customer Equipment)

*Мрежен терминален уред* (NTU - Network Terminal Unit) уред кој се наоѓа на крајната точка на интерконекција помеѓу мрежата на Операторот на јавна комуникациска мрежа или Давателот на јавна комуникациска услуга и опремата на Крајниот корисник на јавната комуникациска услуга;

*Приватна автоматска телефонска централа* (PABX - Private Automatic Branch Exchange)
АЕК е Агенција за електронски комуникации

Останатите термини имаат еднаков третман како во дефинициите од Законот за електронските комуникации.

## Заклучок од анализата на релевантните пазари 7,13 и 14

На 27.11.2009 година година Агенцијата за електронски комуникации објави на јавна расправа Нацрт документ за анализа на Пазар 7- Минимален пакет за изнајмени линии, Пазар 13 - Терминални сегменти на изнајмени линии и Пазар 14 – Преносни сегменти на изнајмени линии. Краен рок за доставување на коментарите и мислењата од заинтересирани страни по Нацрт документот беше 28.12.2009 година, каде АД Македонски Телеком достави свои забелешки до АЕК.

АЕК им се заблагодарува на заинтересираните страни за доставените коментари и забелешки по Нацрт документот. Истите се составен дел на овој документ.

По добивањето на коментарите АЕК ги разгледа истите и согласно член 105 од Законот за електронски комуникации ги покани заинтересираните страни на јавен состанок. Истиот се одржа на ден 24.02.2010 година.

Со овој документ АЕК смета дека **АД Македонски Телеком е оператор со значителна пазарна моќ на Пазар 7- Минимален пакет за изнајмени линии, Пазар 13 - Терминални сегменти на изнајмени линии и Пазар 14 – Преносни сегменти на изнајмени линии** заради тоа што на пазарот нема ефикасна конкуренција, а тоа го покажува големото пазарно учество на големопродажниот пазар кое изнесува 100%, додека на малопродажниот пазар изнесува над 98% и останатите критериуми согласно ЗЕК.

На операторот со значителна пазарна моќ на Пазар 7- Минимален пакет за изнајмени линии АД Македонски Телеком му се наметнуваат следните обврски:

- Обврска да се овозможи недискриминација
- Обврска да се овозможи транспарентност
- Регулирање на малопродажни цени.

На операторот со значителна пазарна моќ на Пазар 13 - Терминални сегменти на изнајмени линии и Пазар 14 – Преносни сегменти на изнајмени линии АД Македонски Телеком му се наметнуваат следните обврски:

- Обврска да се овозможи пристап до мрежни капацитети и нивна употреба
- Обврска да се овозможи недискриминација
- Обврска да се овозможи транспарентност
- Посебно сметководство
- Контрола на цени и обврски за сметководство на трошоци.

# 1. Вовед

1.1 Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија", бр.13/2005, 14/2007, 55/2007 и 98/2008) (ЗЕК) ги уредува условите за надзор и користење на јавните електронски комуникациски мрежи и услуги во Република Македонија. Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) согласно Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија", бр.13/2005, 14/2007, 55/2007 и 98/2008) и подзаконските акти, во соработка со органот надлежен за заштита на конкуренцијата, обезбедува услови за ефикасна конкуренција и со тоа овозможува еднакво делување на операторите на пазарот на електронските комуникации во Република Македонија.

1.2 Согласно Годишната програма за работа Агенцијата за електронски комуникации спроведе анализа на пазарите 7,13 и 14 односно Минимален пакет на изнајмени линии,Терминирани сегменти на изнајмени линии и Преносни сегменти на изнајмени линии.

1.3 Агенцијата за електронски комуникации ги повикува сите заинтересирани субјекти да достават забелешки, коментари и мислења од Нацрт документот. Рокот за доставување на забелешките и коментарите е 30 дена од денот на објавувањето на Нацрт документот. Согласно член 105 од Законот за електронските комуникации АЕК јавно ќе ги објави имињата на субјектите и доставените мислења и коментари, при што доверливите информации и податоци нема да бидат објавени. Сите информации и податоци кои се третираат како строго доверливи и/или имаат чувствителна и меѓусебно корелирана содржина повеќе од една страница потребно е да бидат заверени со потпис на одговорното лице и печат на компанијата на секоја страница посебно. Информациите и податоците кои имаат ознака "строго доверливо" ќе имаат таков третман во АЕК со почитување на доверливоста на истите и ќе се користат единствено од страна на вработените на АЕК, за потребите за кои се побарани и нема да бидат објавени или дистрибуирани во други регулаторни тела.

1.4 Овој документ ги презентира заклучоците на АЕК од аспект на дефинирање на релевантните пазари 7,13 и 14, анализа на истите врз основа на податоци и финансиски информации низ критериумите согласно член 40 од ЗЕК. Одредување дали релевантните пазари 7,13 и 14 се конкурентни,дали има оператор кој поседува значителна пазарна моќ да дејствува независно од конкурентите и корисниците на истите во однос на цените или понудата, определување на оператор со значителна пазарна моќ на релевантните пазари

7,13 и 14 и определување на обврски на операторот со значителна пазарна моќ на релевантните пазари 7,13 и 14.

***Коментар на АД Македонски Телеком:***

*Македонски Телеком АД- Скопје (понатаму МКТ) ја поздравува идејата на Агенцијата за електронски комуникации (понатаму АЕК) за можноста да го коментира Нацрт документот за анализа на пазар: Пазар 7 – Минимален пакет на изнајмени линии, Пазар 13 – Терминални сегменти на изнајмени линии и Пазар 14 – Преносни сегменти на изнајмени линии.*

*Согласно можноста за доставување коментари врз основа на официјално извршената и објавена анализа на АЕК за погореспоменатите пазари во прилог изнесуваме наши видувања и коментари кои ги поткрепуваме со факти поврзани со реалната ситуација на пазарот во РМ и споредбени анализи (benchmark) од некои пазари во Европа.*

*Најголем дел од коментарите одат во насока на докази за постоење на конкуренција на услуги за изнајмени линии согласно големото и активно учество на многу оператори во Македонија на сите тендери кои се распишуваат од кои најголем дел во Скопје за овој вид на услуги. Многу голем дел од овие тендери и ги добиваат алтернативни оператори кои учествуваат со што се здобиваат со корисничка база и значаен дел од пазарниот удел во Скопје. Со прилогот поднесен од наша страна очигледно е дека наведените податоци за пазарните удели на МКТ и алтернативните оператори во Нацрт документот за анализа на пазар 7, пазар 13 и пазар 14 не се реални и последователно анализата на пазарите на изнајмени линии неможе да се смета за реална.*

*Имајќи ја во предвид различната ситуација на пазарот за изнајмени линии во различни региони/области во РМ, посебно големата конкуренција во Скопје, предлагаме поделба на географскиот пазар на РМ на 2 региона кои што имаат различни конкурентски услови :*

- *Скопје и*
- *останатиот дел од РМ,*

*На овој начин би се прикажала вистинската состојба на пазарот на изнајмени линии и би се утврдило дали на пазарот има ефикасна конкуренција.*

*Впрочем, Европското искуство од одредени земји покажува дека релевантните пазари во соодветни земји се сегментирани според пазарните услови, било да е големата побарувачка/понуда наспроти помалата во посебни региони или пак како критериум е земен бројот и густина на населението или пак супститутот на услугата предмет на анализата и сл. Како потврда подолу доставуваме Benchmark од неколку Европски земји со кои се потврдува дека во ситуација кога во различни региони има различни пазарни услови непоходна е различна анализа со што последователно различни би биле и заклучоците од анализата.*

*Земајќи го предвид погоре споменатиот факт дека голем број алтернативни оперативни учествуваат на тендери и кои ги добиваат со што се стекнуваат со значајни корисници покажува дека некои од анализите во овој нацрт документ не содржат реални податоци т.е. не се направени врз основа на реалните податоци.*

*Како дополнение сметаме дека е погрешен и заклучокот за Супституција на страна на понудата / побарувачката од причина што реалната ситуација на пазарите е различна т.е Операторите нудат различни варјанти за побарувачите на LL со цел да постигнат пониска цена нудејќи производ со слични перформанси како LL но со помали трошоци при формирање на пазарната цена (IP базирани продукти), од друга страна и побарувачите знаејќи го податокот дека LL може да се замени со производ кој ќе им овозможи исти перформанси за пониски трошоци се почесто ги побаруваат супститутите за пристап на интернет преку изнајмена линија.*

## 2. Правна основа за анализа на пазар 7- Минимален пакет на изнајмени линии,13- Терминални сегменти на изнајмени линии и 14- Преносни сегменти на изнајмени линии

2.1 Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) согласно Законот за електронски комуникации (“Службен весник на Република Македонија“, бр.13/2005, 14/2007, 55/2007 и 98/2008) во рамките на својот делокруг на работа промовира ефикасна конкуренција во областа на електронските комуникациски мрежи и услуги, заштита на нарушување или ограничување на конкуренцијата во областа на електронските комуникации притоа овозможувајќи во слични околности да нема дискриминација во третманот на операторите на електронски комуникациски мрежи и давателите на електронски комуникациски услуги. АЕК исто така го следи развојот на електронските комуникации, зголемување на поволностите на корисниците и

ја врши својата работа транспарентно и на недискриминаторски начин овозможувајќи им на заинтересираните страни да дадат забелешки и коментари во врска со иницијативите, мерките и одлуките на Агенцијата.

2.2 Согласно, Законот за електронски комуникации, Правилникот за обезбедување на минимален пакет на изнајмени линии и Правилникот за обезбедување на терминални и/или преносни сегменти на изнајмени линии, постојниот фиксен јавен комуникациски оператор АД Македонски Телеком е оператор со значителна пазарна моќ на пазарите за изнајмени линии(7,13 и 14). Операторот, АД Македонски Телеком беше должен да во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на правилниците (Сл.весник бр.112 од 04 Септември 2008 година)достави до Агенцијата, Понуда за обезбедување на минимален пакет за изнајмени линии,како и Понуда за обезбедување на големопродажна услуга за терминални и/или преносни сегменти на изнајмени линии.

2.3 АЕК анализата на релевантниот пазар 7- Минимален пакет на изнајмени линии 13- Терминални сегменти на изнајмени линии, 14- Преносни сегменти на изнајмени линии ја прави во согласност со Законот за електронски комуникации ("Службен весник на Република Македонија", бр.13/2005, 14/2007, 55/2007 и 98/2008), подзаконските акти донесени врз негова основа и Методологијата за анализа на релевантни пазари изготвена од страна на АЕК земајќи ги во предвид основните напатствија од Европската комисија за вршење на анализа на релевантни пазари и утврдување на значителна пазарна моќ согласно ЕК регулаторна рамка за електронски комуникациски мрежи и услуги[1].

## 3. Постапка во анализата на пазар 7- Минимален пакет на изнајмени линии 13- Терминални сегменти на изнајмени линии и 14- Преносни сегменти на изнајмени линии

3.1 Постапката на определување на оператори со значителна пазарна моќ во областа на електронските комуникации се состои од четири основни чекори:

- Првиот чекор се однесува на дефинирање на релевантните пазари во областа на електронските комуникации. Согласно член 41 од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република

[1] Commission quidelines on market analysis and the assessment of significant market power under the Community regulatory framework for electronic communications networks and services (OJ of the EC C 165/6 from 11.07.2002)

Македонија“, бр.13/2005, 14/2007, 55/2007 и 98/2008), Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации на 17.08.2005 година донесе Одлука за утврдување на релевантни пазари, во согласност со утврдените релевантни пазари во препораката на Европската Комисија за релевантни пазари на производи и услуги, објавена во службено гласило на Европската Унија (OJ.L 114 од 08.05.2003 година)[2]. Во продолжение АЕК врши проценка на релевантните производи и услуги кои се обезбедуваат на релевантните пазари 7,13 и 14.

- Во вториот чекор Агенцијата за електронски комуникации во соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата спроведува анализа на релевантните пазари, во рамките на која анализа утврдува дали пазарите се конкурентни или има оператор кој поседува значителна пазарна моќ да дејствува независно од конкурентите и корисниците на истите во однос на цените или понудата.
- Во третиот чекор, согласно член 41 став (3) од Законот за електронските комуникации (“Службен весник на Република Македонија“, бр.13/2005, 14/2007, 55/2007и 98/2008) доколку АЕК врз основа на спроведената анализа утврди дека на пазарот нема доволно конкуренција, таа во соработка со органот надлежен за заштита на конкуренцијата донесува одлука кој или кои оператори имаат значителна пазарна моќ на тој пазар.
- Во последниот чекор АЕК определува соодветните обврски на операторот со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар 7,пазар 13 и пазар 14 во насока на обезбедување на фер и целосна конкуренција на пазарот. Истите се оправдани и во пропорција со бариерите за ефикасната конкуренција.

3.2 АЕК при вршењето на анализата на релевантните пазари согласно член 40 од ЗЕК соработува со органот надлежен за заштита на конкуренцијата односно Комисија за заштита на конкуренцијата. Согласно член 41 од ЗЕК, пред донесување на одлуката, АЕК ќе побара мислење од Комисијата за заштита на конкуренцијата.

3.3 Анализата на релевантните пазари 7,13 и 14 е со современ (forward looking) пристап. Истата ќе биде предмет на повторно разгледување во определен разумен временски период (определена временска рамка). Влезот на алтернативните оператори и отпочнување на развојот на релевантните пазари генерира потреба од повторна анализа на истите во определена временска

[2] Одлука за утврдување на релевантни пазари (бр. 13/34 од 17.08.2005 година)

рамка заради утврдување дали на пазарот сеуште нема доволно конкуренција или тој се приближува кон состојба на ефективна конкуренција.Во меѓувреме, АЕК ќе го следи развојот на пазарите.

3.4 Во евиденцијата на АЕК, до 31. 12. 2008 година се нотифицирани единаесет оператори и/или даватели на електронски комуникациски услуги и тоа:

- „ АД Македонски Телеком„
- „ОнНет„
- „Космофон„
- „Неотел„
- „Балкантел„
- „Сонет„
- „Ултранет Ултера„
- „Телесмарт„
- „МЕПСО„
- „Македонска Радиодифузија„
- „ЈПМЖ Инфраструктура„

Врз основа на овие податоци АЕК ги определи операторите кои делуваат на пазарите 7,13 и 14 а кои се предмет на анализа на овие пазари.

3.5 При спроведување на анализа на релевантните пазари односно за утврдување на степенот на конкурентност на истите, АЕК користи интерни информации и финансиски податоци од документација доставена до АЕК, екстерни информации и финансиски податоци побарани од нотифицираните оператори и/или даватели на услуги. Ова е со единствена цел АЕК да спроведе детално, квалитетно и длабинско дефинирање на релевантните пазари и релевантните услуги кои се обезбедуваат на истите респективно како и детална и квалитетна анализа на релевантните пазари, врз основа на релевантни информации и финансиски податоци, базирана на постоечката законска рамка, имајќи ги во предвид основните економски принципи и законитости согласно Методологијата за анализа на релевантните пазари.

3.6 За спроведување на анализа на релевантните пазари АЕК согласно член 23 од ЗЕК достави прашалник до нотифицираните оператори. Прашалникот содржи информации и финансиски податоци за периодот од 2006-2008 година, кои АЕК ги побара од нотифицираните оператори/ даватели и истите се оправдани, засновани на разумна основа и пропорционални на целта за која што ќе бидат употребени.Операторите и/или давателите на електронски

комуникациски услуги ги доставија побараните информации и финансиски податоци во обем и рок утврдени во барањето, без надомест.

## 4. Соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата

4.1 Согласно член 41 од Законот за електронските комуникации (“Службен весник на Република Македонија“, бр.13/2005, 14/2007, 55/2007 и 98/2008) при анализа на релевантниот пазар и определувањето на оператор со значителна пазарна моќ, Агенцијата за електронски комуникации соработуваше со Комисијата за заштита на конкуренцијата, која во допис бр.07-466/2 од 24.11.2009 година, го даде следното мислење:

*Комисијата за заштита на конкуренцијата е согласна со начинот на кој се дефинирани релевантите пазари во нацрт-документите за анализа на релевантните пазари Пазар 7- Минимален пакет за изнајмени линии, Пазар 13 - Терминални сегменти на изнајмени линии и Пазар 14 – Преносни сегменти на изнајмени линии. Истотака, Комисијата за заштита на конкуренцијата е согласна со ставот на Агенцијата за електронски комуникации дека Македонски Телеком АД - Скопје има значителна пазарна моќ на пазарите за Минимален пакет за изнајмени линии, Терминални сегменти на изнајмени линии и Преносни сегменти на изнајмени линии и истовремено се согласува со обврските кои Агенцијата на електронски комуникации му ги наметнува на Македонски Телеком АД - Скопје како на оператор со значителна пазарна моќ, а кои всушност се постојните обврски кои продолжуваат да важат и во иднина. Во однос на регулацијата на цените за поединечни видови на изнајмени линии од минималниот пакет на изнајмени линии, Комисијата се согласува со мислењето на Агенцијата дека дека временскиот период е премногу краток за да се видат резултатите кои се очекуваат од големопродажниот регулиран пазар и дали малопродажниот пазар ги дава очекуваните резултати. Воедно, Комисијата ја поддржува Агенцијата во изработката на методологија за регулација на малопродажните пазари во соработка со заинтересираните страни на посебна јавна расправа.*

*Коментар на АД Македонски Телеком:*

*Точка 3.1, 3.5 и 4 содржат во себе објаснувања утврдувања за конкурентноста на релевантните пазари кои се базираат на податоци собрани од АЕК. Главниот коментар на МКТ е: и покрај напорот на АЕК да собере релевантни податоци за состојбите на пазарите 7, 13 и 14, собраните податоци не ја отсликуваат РЕАЛНАТА состојба на пазарот. АЕК во соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата (КЗК) во рамките на анализата на пазарите одлучува дали има конкурентност на одреден пазар. Според ова, соработката на двата регулаторни органа треба да биде на највисоко ниво, а сепак резултатите од посебно спроведените анализа на пазарот се различни. Како доказ на ова го приложуваме Решението на КЗК со број 03-2/30 од 7.09.2007 година, каде е извршена анализа на пазарот на изнајмени линии и податоците добиени од анализата се разликуваат од податоците добиени од анализата на АЕК. Бидејќи анализата на КЗК е вршена во 2007 година, а бројот на корисниците услугите кои ги субституираат изнајмените линии расте со експоненцијална брзина, сметаме дека на крај на 2009 година субститутите на изнајмените линии се развиени на ниво на успешна конкуренција на изнајмените линии.*

*Одговор на коментар:*

*Во врска со коментарот за точка 3.1, 3.5 и 4 АЕК го дава следното појаснување: АЕК го достави Нацрт документот за анализа на релевантните пазари 7, 13 и 14 до Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно член 40 од ЗЕК. Комисијата за заштита на конкуренцијата со допис бр.07-466/2 од 24.11.2009 година го даде своето мислење кое е составен дел на овој документ.*

## 5. Дефинирање на пазар 7- Минимален пакет на изнајмени линии, 13- Терминални сегменти на изнајмени линии и 14- Преносни сегменти на изнајмени линии

5.1 Дефинирањето на релевантните пазари 7,13 и 14 е првиот чекор во вршење на анализата на истите. Со одлуката за утврдување на релевантни пазари во Република Македонија[2] на географското подрачје на Република Македонија се утврдени 18 пазари. Воедно, релевантен географски пазар на пазарот на електронските комуникации е територијата на Република Македонија.

5.2 Релевантни пазари за продажба на производи и услуги на мало и големо кои се предмет на оваа анализа се следните:

- Пазар 7- Минимален пакет за изнајмени линии
- Пазар 13-Терминални сегменти на изнајмени линии
- Пазар 14-Преносни сегменти на изнајмени линии

5.3 За подетално дефинирање на овие пазари АЕК изврши проценка на:

- Проценка на релевантните производи и услуги
- Проценка на супституцијата на страната на побарувачката
- Проценка на супституцијата на страната на понудата
- Проценка на географскиот пазар.

5.4 Предмет на овој нацрт документ е „Минималниот пакет на изнајмени линии„ со усогласени карактеристики и придружни стандарди дефинирани во Одлуката на Европската Комисија 2003/548/ЕК од 24 јули 2003 година објавена во OJ.L.186/43 како типови на изнајмени линии и тоа:

| **Тип на изнајмена линија** |
|---|
| Минимален пакет на изнајмени линии |
| Аналогна изнајмена линија,Говорен опсег, нормален квалитет |
| Аналогна изнајмена линија,Говорен опсег, посебен квалитет |
| Дигитална изнајмена линија 64 kbit/s |

| |
|---|
| Дигитална изнајмена линија 2048 kbit/s, неструктурирана |
| Дигитална изнајмена линија 2048 кbit/s, структурирана |
| Изнајмени линии со големи брзини (вон минималниот пакет на изнајмени линии) |
| 34 Mbit/s, неструктурирана |
| 34 Mbit/s, структурирана |
| 140 Mbit/s, неструктурирана |
| 140 Mbit/s, структурирана |
| 155 Mbit/s |

*Табела 1 – Типови на минимален пакет на изнајмени линии*

| **Капацитет на изнајмени линии** |
|---|
| 64 kbit/s изнајмени линии |
| 2 Mbit/s неструктурирани изнајмени линии |
| 2 Mbit/s структурирани изнајмени линии |
| 34 Mbit/s неструктурирани изнајмени линии |

*Табела 2 – Капацитет на изнајмени линии*

„Терминални и/или Преносни сегменти на изнајмени линии„ кои се обезбедуваат од Операторот со значителна пазарна моќ за други Оператори и/или даватели на услуги ,

Референтниот модел на дел од изнајмената линија (Leased Lines Part Circuits – LLPC)согласно 2005/268/EC препораката

5.5 Со оваа анализа АЕК ќе утврди дали дефинираните пазари, предмет на анализата се во согласност со условите на пазарот на електронски комуникации во Република Македонија,следствено, ќе се изврши проценка на условите на пазарите врз основа на критериумите за определување на значителна пазарна моќ на релевантните пазари.

5.6 На релевантните пазари,прв чекор е идентификување и дефинирање на услугите, воедно и од аспект на страната на побарувачката и од аспект на страната на понудата изразени преку карактеристиките на услугите земени во предвид, нивните цени и нивната наменска употреба. Лимитирачката супститубилност (заменливост) со други производи и услуги резултира со исклучување на тие други производи и услуги од дефинициите на пазарите на производи и услуги, но истите ќе бидат земени во предвид при проценката на ефективната конкуренција на релевантниот пазар.

5.7 Супституција на страната на побарувачката постои кога два или повеќе услуги на релевантните пазари, од аспект на перцепцијата на крајните корисници се взаемно заменливи во поглед на нивните карактеристики, цена и нивната наменска употреба. Утврдувањето на постоењето на супституција на страната на побарувачката како алатка и овозможи на АЕК да ги определи заменливите производи или услуги кон кои многу лесно потрошувачите се преориентирале. во случај на релативно зголемување на цената на релевантната услуга, земајќи во предвид секое значително однесување на потрошувачите во минатото.

5.8 Супституцијата на страната на понудата постои кога обезбедувачите на останати (незаменливи) услуги на релевантните пазари како резултат на мала промена на цените на краток рок можат да го преориентираат нивното производство или обезбедување на релевантните услуги и се доведат во можност да понудат заменливи производи без појава на значителни дополнителни трошоци и ризик.

5.9 Потенцијален метод за утврдување на супституција на страната на побарувачката и супституција на страната на понудата е хипотетичкиот монополистички тест. Базично, овој тест опфаќа мало но значајно (обично 5-10 %) долготрајно зголемување на цените на релевантната услуга и врши оценка на хипотетичката пазарна реакција со цел да се определи релевантната услуга и географскиот лимит на релевантниот пазар како и ефектот на вкупните приходи како резултат на зголемувањето на цените. Употребата на овој метод во голема мера зависи од значителен број на податоци кои обично многу тешко се обезбедуваат. Препораката од Европската комисија не обврзува за апсолутна потреба од правењето на тестот при дефинирањето на пазарите во

пазарните анализи. Вообичаено, апроксимативни методи можат исто така да се употребат. Во оваа анализа АЕК не изврши хипотетички монополистички тест.

5.10 При определување на географскиот пазар, основната цел е да се определи географската лимитираност на хомогеноста на условите за конкуренција за релевантна услуга, земајќи ги во предвид критериумите за супституција на страната на понудата и супституција на страната на побарувачката.

5.11 Како што се дефинирани пазарите во Одлуката за утврдување на релевантни пазари, се прави поделба на пазарот на мало и пазар на големо. За добивање на заклучоци во однос на претходно наведените критериуми АЕК со оваа анализа направи проценки од повеќе аспекти на дефинираните пазари.

**Производи и услуги кои се обезбедуваат на релевантните пазари со краток осврт на пазарите во Република Македонија**

5.12 Од аспект на вкупната структура, земајќи ја во предвид либерализацијата на пазарот на електронски комуникации во РМ, АД Македонски Телеком имаше монополски права односно Договор за концесија склучен ден 15.01.2001 година,и ги обезбедуваше сите услуги,како и услугите кои се предмет на оваа анализа и останати услуги кои се надвор од обемот на анализата.Регулаторните мерки кои се однесуваа на раскинување на договорот за концесија, донесување на Законот за електронски комуникации во 2005 година и наметнување на мерки согласно член 146 од ЗЕК, делуваа со цел развивање на конкуренцијата на целокупниот пазар на електронски комуникации, како од аспект на разбивање на вертикалната интеграција на АД Македонски Телеком така и од аспект на промовирање на отворен пазар преку влез на нови технологии, преку инструментите за намалување на легалните бариери заради состојба на постоење на отворен пазар на електронски комуникации во РМ. Воедно, АД Македонски Телеком има значителна хоризонтална покриеност на целокупниот пазар на електронски комуникации во РМ. Тој е единствениот Оператор кој обезбедува големопродажни и малопродажни услиги на целата територија на Македонија.

5.13 Во принцип капацитетот за пренос/изнајмени линии може да се користи за пренос на сите типови на сигнали како глас,музика,слика,податоци,со други зборови услугите кои се нудат преку изнајмените линии се телефонски разговори,преносот на податоци,пренос на слика до определена група на корисници.

5.14 Краток опис на производите кои се обезбедуваат во Р.Македонија, а кои се предложени од страна на АД Македонски Телеком:

*Аналогната изнајмена линија* обезбедува поврзување на две физички одалечени локации на кои корисникот има инсталирано своја опрема и првенствено е наменета за пренос на говорни телефонски сигнали,но истата може да се користи и за други типови сообраќај,како пренос на факс преку директна линија, поврзување на одалечени локали на PBX централи, пренос на податоци во говорен опсег. Со зголемувањето на растојанието помеѓу корисничките локации кои се поврзуваат доаѓа до слабеење на сигналот, дел од националните изнајмени линии се реализираат преку мултиплексни системи за пренос, кои го компензираат слабеењето на линијата. Компензирањето кај локалните и националните изнајмени линии со поголемо растојание се врши со инсталирање на модеми кај крајниот корисникот.
Во зависност од корисничката опрема која што треба да се поврзе, аналогната изнајмена линија се реализира преку една или две бакарни парици.
*Дигитална изнајмена линија – 64 Kbit/s* обезбедува симетричен дигитален пренос на податоци помеѓу два терминални уреди DTE со користење на DCE уреди поставени на страна на корисникот.Терминалниот уред DTE е комуникациски уред кој корисникот го поврзува на DCE, DCE уредот е xDSL модем кој преку една или две бакарни парици се поврзува со опремата на давателот на услугата ,а преку DCE интерфејс се поврзува со дигиталниот терминален уред на корисникот(DTE)
*Дигитална изнајмена линија – 2 Mbit/s неструктурирана* (дигитален пренос на податоци помеѓу две точки) обезбедува симетричен дигитален пренос на податоци помеѓу два комуникациски уреди со користење на NTU уреди поставени на страна на корисникот со брзина од 2 Mbit/s. NTU не ја препознава внатрешната структура на корисничкиот сообраќај.
*Дигитална изнајмена линија – 2 Mbit/s структурирана* (пренос на говорни канали,комбиниран пренос на говор и податоци помеѓу две точки) обезбедува симетричен дигитален пренос на податоци помеѓу два комуникациски уреди со користење на NTU уреди поставени на страна на корисникот со брзина од 2 Mbit/s. NTUја препознава внатрешната структура на корисничкиот сообраќај.Корисничкиот сообраќај мора да е во облик на 32 канали по 64 Kbit/s од кои два се резервирани за сигнализација и контрола.
Треба да се напомене дека овие производи одговараат на пазар 7 од Препораката за „Минимален пакет на изнајмени линии„ член 18 и Анекс 7 од Директивата за универзална услуга и е дефиниран како релевантен пазар кој соодвествува на донесените законските прописи и подзаконските акти.

*Преносните сегменти* на изнајмени линии служат за поврзување  меѓу високите густини на сообраќајот преку конекции со висок капацитет и во рамките на главните центри на население.

*Терминалните сегменти* на изнајмени линии служат за снабдување генерално на пониски густини на сообраќајот на Глобална основа.

*Референтниот модел на дел од изнајмената линија* преставува наменет линк помеѓу просториите на алтернативниот оператор и точката за интерконекција на Операторот со значителна пазарна моќ и треба да се смета како посебен вид на големопродажба на изнајмена линија.

Треба да се напомене дека овие производи одговараат на пазар 13 и 14 и се дефинирани како релевантни пазари кој соодвествува на донесените законските прописи и подзаконските акти.

**Проценка на супституција на страната на побарувачката и на страната на понудата**

5.15 Со одлуката за утврдување на релевантни пазари, а воедно и во Препораката на Европската комисија се дефинирани различни пазари,како што се Минимален пакет на изнајмени линии кој е малопродажен пазар и дефиниран како Пазар 7,Терминални сегменти на изнајмени линии кој е големопродажен пазар и дефиниран како Пазар 13 и Преносни сегменти на изнајмени линии кој е големопродажен пазар и дефиниран како Пазар 14 .

При проценката дали  услугите се обезбедуваат на ист релевантен пазар АЕК ќе утврди во која мера корисници се одлучуваат да ги користат овие услуги,како и во која мера корисниците го гледаат како супститут некој друг вид на услиги.Воедно, во Одлуката се прави разлика помеѓу пазарот на мало и пазарот на големо и се однесува на сите пазари кои се дефинирани во Препораката за релевантни пазари.Терминот корисник се однесува на секој кој користи услуга за сопствени потреби,според тоа поимот не вклучува корисници кои ја користат услугата како понуда за другите оператори и/или даватали на услуги и се дефинира како малопродажен пазар, додека нудењето на пристап до електронските комуникациски мрежи и/или услуги вклучува понуда за другите оператори и/или даватали на услуги и се дефинира како големопродажен пазар.

**Од аспект на побарувачката**

5.16 Терминот „изнајмени линии„ се однесува на фиксни телекомуникациони постојани врски кои обезбедуваат симетричен капацитет помеѓу две

точки.Изнајмените линии на мало се користат од страна на бизнис корисниците и тоа најчесто за поврзување на своите канцаларии или за пристап до Интернет,а изнајмените линии на големо се користат од алтернативните оператори кои ги користат за да обезбедат малопродажни услуги или да продолжат делови од сопствената мрежа.

5.17 Изнајмените линии на пазарот на мало се купени од страна на компании,институции или државни агенции за да се воспостави комуникација помеѓу две или повеќе географски одалечени точки.Примери на големи потрошувачи на овој пазар се големи компании кои сакаат да се поврзат со географски одалечени локации за користење на телефонија и/или пренос на податоци.Други големи потрошувачи се јавни институции,како што се локални самоуправи или државни институции.

Ценовната структура и шемата на попусти кои се даваат на крајните корисници вообичаено зависат од големината на компанијата,обемот на сообраќај, потрошувачките навики, приходите, времетраењето на договорот и други услови и обично се определуваат по директно преговарање помеѓу операторот и корисникот. Треба да напоменеме дека АД Македонски Телеком има добар преглед на своите клиенти т.е кои од нив се препродавачи а кои се корисници,бидејќи често користи посебни продажни канали,договори и цени за препродавачите.Ова значи дека поделбата на мали и големи корисници е можно да се спроведе во пракса.Во корпоративната стратегија на АД Македонски Телеком, во нивната продажба, маркетинг и грижа за корисници присутно е постоење на разлика помеѓу мали и големи корисници. На пример, постојат различни услови за склучување на договор и различни ценовни структури, вклучувајќи ги и попустите.

5.18 Изнајмените линии на пазарот на големо се купени од алтернативни оператори и/или даватели на јавни електронски комуникациски услуги. Алтернативните оператори и/или даватели на јавни електронски комуникациски услуги купените изнајмени линии може да ги користат за сопствени потреби (поврзување до стандардна телефонска мрежа,услуги за пренос на податоци или пристап до широкопојасен интернет),за да понудат малопродажни услуги или да ги понудат на други оператори.

Ценовната структура за алтернативните оператори и/или даватели на јавни електронски комуникациски услуги не зависи од големината на компанијата, бројот на пристапни линии, обемот на сообраќај, приходите, времетраењето на договорот туку се определува согласно референтна понуда.

5.19 Различни фактори, како на пример број на вработени, организациона шема, асортиман на понуда, пакети на услуги, продажна мрежа, дистрибутивна

мрежа, дополнително и техничка и административна поддршка на системот значително се разликува кај оператор кој ја обезбедува услуга генерално за двете категории на корисници (услугите ги  обезбедува на малопродажниот и големопродажниот пазар)од алтернативен оператор и/или давател на јавни електронски комуникациски услуги кој обезбедува услуга за една категорија на корисници. Имајќи ги овие фактори во предвид, АЕК процени дека  алтернативниот оператор и/или давател на јавни електронски комуникациски услуги кој обезбедува услуги за една од двете групи на корисници, доколку одлучи да ја прошири својата понуда и ја обезбедува услугата  на другата група на корисници, истиот ќе се соочи со материјални трошоци за реструктуирање на својата понуда.

АЕК смета дека во блиска иднина не постои реална можност за супституција на страната на побарувачката..

### Од аспект на понудата

5.20 Треба да напоменеме дека АД Македонски Телеком ја поседува пристапната мрежна инфраструктура, каде за користење на малопродажната услуга корисникот треба да поседува соодветна пристапна опрема(терминална опрема)чии приклучен терминал треба да соодветствува на приклучниот терминал на модемската опрема обезбедена од АД Македонски Телеком ,исто така треба да се наомене дека алтернативните оператори и/или даватели на јавни електронски комуникациски услуги кои сакаат да понудат изнајмени линии  треба да имаат сопствена инфраструктура или да се јават на пазарот на големо и од таму да купат. Оператори кои сакаат да понудат изнајмени линии на пазарот на големо треба да имаат сопствена инфраструктура и технички е возможно целосно да се изгради инфраструктура паралелна со инфраструктурата на АД Македонски Телеком,но во пракса тешко дека некој алтернативен оператор ќе се обврзе да изгради паралелна мрежна инфраструктура.Иако новата технологија за  пристап може да ја промени ваквата ситуација сепак се смета дека АД Македонски Телеком ја има контролата за пристап на национално ниво.Изградбата на  мрежна инфраструктура бара многу време и средства, имајќи ја во предвид економијата на обем и трошоците кои во нормални услови на долг рок се рентабилни, напуштањето на пазарот пред тој временски период ќе претставуваат загуба (sunk costs) бидејќи трошоците неопходни за градење на пристапна мрежа ќе бидат големи.Ова може да испрати сигнали до потенцијалните новодојдени оператори и/или даватели на услуги дека нема да биде профитабилно да се обидат да влезат на големопродажниот пазар на изнајмени линии,според тоа алтернативните оператори и/или даватели на

јавни електронски комуникациски услуги се потпираат на купување на целосно разврзан пристап на локална јамка или поделен пристап на локална јамка од АД Македонски Телеком за да ги понудат своите услуги

АЕК смета дека во блиска иднина не постои реална можност за супституција на страната на понудата.

**Проценка на географскиот пазар**

5.21 Релевантниот географски пазар го вклучува просторот во кој операторите и давателите на услуги се инволвирани од аспект на понуда и побарувачка на релевантни производи и услуги, во кој простор условите на конкуренција се слични или доволно хомогени, и истите можат да бидат разграничени од соседните простори во кои преовладуваат услови на конкуренција кои се значително различни. Географската димензија на релевантните пазари се определува имајќи ги во предвид подрачјето покриено со мрежа и постоењето на легални или други регулаторни инструменти.

АЕК смета дека условите на понуда на„ изнајмени линии„ се хомогени на територијата на Република Македонија. АД Македонски Телеком има национална телефонска мрежа и нуди изнајмени линии до секоја географска зона по еднакви цени на целата територија на Република Македонија. Со други зборови, географската локација не е критериум за диференцирање на цените на услугите што се обезбедуваат на овие пазари. Ова обезбедува силна индикација дека географскиот пазар за изнајмени линии ја вклучува целата територија на земјата. Алтернативните оператори и/или даватели на јавни електронски комуникациски услуги поврзување до стандардна телефонска мрежа,услуги за пренос на податоци или пристап до широкопојасен интернет ги понудуваат како релевантни производ/услуга во географски дефиниран регион, од причина што тие немаат национално покриени мрежи. Имајќи ги сите податоци во предвид, АЕК смета дека во определената временска рамка на оваа анализа не е потребна сегментација на географскиот пазар, предмет на анализата. Дополнително, проценката на супституцијата на страната на побарувачката покажа дека наклонетоста и потрошувачките навики на корисници не варираат значително во зависност од регионите во земјата,вклучувајќи ја и цената за обезбедувањето на услугата.

Врз основа на овие проценки, АЕК заклучи дека релевантниот географски пазар за Пазарите-7,13 и 14 , предмет на оваа анализа е територијата на Република Македонија.

## 6. Анализа на релевантните пазари 7,13 и 14

6.1 Врз основа на претходните проценки АЕК идентификуваше три релевантни пазара и тоа пазар 7 – Минимален пакет на изнајмени линии, пазар 13 – Терминални сегменти на изнајмени линии и пазар 14 – Преносни сегменти на изнајмени линии. За разлика од ex-post регулацијата, која со помош на правилата за конкуренција се утврдува злоупотребата на значителната пазарна моќ на релевантен пазар од страна на Операторот со значителна пазарна моќ, со ex-ante регулацијата се подобруваат односите на недоволно конкурентниот пазар.

***Коментар на АД Македонски Телеком:***

*Оваа точка во себе содржи една погрешна констатација, бидејќи недостасува описот на дејствувањето на Комисијата за заштита на конкуренцијата (КЗК). Имено, Комисијата за заштита на конкуренцијата има издадено Решение со број 03-2/30 од 07.09.2007 во кое го задолжува Македонски Телеком АД да подготви големопродажна понуда за дигитални изнајмени линии, заедно со прецизно дефиниран ценовник за услугата за пристап на интернет преку изнајмена линија. Ова претставува класична ex-ante регулацијата од орган кој според АЕК може да регулира само ex -post. Големопродажната понуда на КЗК е јавно и транспарентно објавена на службениот сајт на Македонски Телеком АД:*

*http://www.telekom.mk/download/domestic/Opis%20WS%20DLL.pdf.*

*Сметаме дека при анализата на пазарите 7, 13 и 14 АЕК треба да имаат осврт на ова Решение на КЗК и истото треба да се искористи само за тоа, додека Големопродажната понуда за дигитални изнајмени линии треба да биде отповикана бидејќи само АЕК може да наметнува ex-ante регулацијата на операторите на територијата на Р.М.*

***Одговор на коментар:***

*Во врска со коментарот за точка 6.1 АЕК го дава следното појаснување: АЕК го достави Нацрт документот за анализа на релевантните пазари 7, 13 и 14 до Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно член 40 од ЗЕК. Комисијата за заштита на конкуренцијата со допис бр.07-466/2 од 24.11.2009 година го даде своето мислење кое е составен дел на овој документ.*

6.2 Во проделожение, АЕК ќе изврши анализа на релевантните пазари, предмет на оваа анализа за да утврди дали овие пазари се делумно конкурентни, дали имаат недостаток од ефикасна конкуренција или постои оператор кој поседува значителна пазарна моќ да дејствува независно од конкурентите и корисниците на тој пазар во однос на цените или понудата.

Во ова поглавје, АЕК презентира накратко за својот приод кон анализите на Релевантните Пазари. Дефинирајќи ја својата цел за релевантните продукти и услуги на географскиот пазар, следниот чекор би бил истите да се утврдат, доколку релевантниот пазар е ефективно споредлив или доколку постојат Оператори со значителна пазарна моќ

**Пречки за влез на релевантните пазари и влијание на потенцијалната конкуренција**

6.3 Високи и долгорочни бариери за влез е главна препрека за развој на ефективна конкуренција. Бариера за влез преставува рестрикција за влез на релевантен пазар која им овозможува на постојните оператори или даватели на услуги да ги зголемат цените над реалното конкурентно ниво. Потенцијалната конкуренцијата од новите оператори кои отпочнуваат да обезбедуваат услуги на релевантните пазари ќе влијае врз однесувањето на доминантниот оператор на пазарот, вклучувајќи го и влијанието врз цените за обезбедување на услугите. Различни форми на бариери за влез можат да ги отежнат и/или оневозможат условите за потенцијална конкуренција.

6.4 Правните односно регулаторните пречки не се базирани на економските услови на пазарот туку се од правна природа. Алтернативниот оператор кој сака да воспостави сопствена бакарна или оптичка пристапна мрежа треба да изгради објекти,уреди и да спроведе подземна или надземна инсталација,сето тоа ќе мора да го направи на туѓ имот кои имотот често пати се наоѓа во приватна сопственост.Тука алтернативниот оператор ќе биде соочен со проблемот за стекнување на права за користење на туѓиот имот,затоа што е потребно одредено време,време додека да се определи пазарната цена на имотот кој се отуѓува,што за последица има подолго времетраење на изградбата на електронската комуникациска мрежа.

6.5 Структурните пречки постојат ако кај дадено побарување состојбата на технологијата и постоечката структура на трошкови предизвикуваат асиметрични услови помеѓу првиот што влегол на пазарот и алтернативни оператори кои сакаат да влезат на пазарот во подоцнежната фаза. АЕК утврдил дека влезот на релевантните пазари од страна на алтернативен операторт ќе бара големи капитални инвестиции,претежно како неповратни

трошоци,трошоци кои нема да бидат вратени доколку алтернативниот оператор излезе од релевантните пазари,што преставува пречка за влез на нови оператори кои планираат изградба на национални пристапни мрежи. Заради големите трошоци алтернативните оператори би се определиле за изградба на локални пристапни мрежи во места каде густината на населението е највисока за да влезот на пазарот биде економски оправдан.Во тој случај не се работи за изградба на паралелна пристапна мрежа каква што ја има АД Македонски Телеком туку за поединечна мрежна инфраструктура која му овозможува на алтернативниот оператор да понуди повеќе малопродажни услуги по поевтини цени.АД.Македонски Телеком има голема предност пред своите конкуренти како на малопродажниот така и на големопродажниот пазар бидејќи има изградено мрежа на цела територијата на Р.Македонија,и најразгранета пристапна мрежа со најголем број на пристапни точки за изнајмени линии. АЕК заклучи дека горенаведените состојби преставуват пречки за влез на релевантните пазари и укажуваат на можност за постоење на значителна пазарна моќ на АД.Македонски Телеком.

6.6 Степенот на конкурентност на пазарите со потенцијал за раст по правило е поатрактивен за потенцијалните оператори наспроти пазарите на кои вкупниот број на продадени услуги и/или бројот на претплатници стагнира или е во надолна линија (т.н. развиен пазар (mature market)). Целта на купувачите е намалување на цените,подобрување на квалитетот или голем избор на производи и услуги и затоа вршат притисок врз продавачот.Потенцијалните конкуренти кои размислуваат да влезат на развиен пазар мора да имаат развиена стратегија за превземање на претплатниците на веќе воспоставените оператори кои обезбедуваат услуги на релевантните пазари, предмет на оваа анализа.Земајќи ги во предвид доставените податоци од Операторите и/или давателите на електронски комуникациски услуги според бројот на приклучоци во сопствена мрежа и препродажба на делови од мрежата за временски период од 31.12.2006 година до 31.12.2008 година, на големопродажниот пазар,АД.Македонски Телеком е единствениот понудувач на изнајмени линии. Во делот на малопродажниот пазар,во втората половина на 2008 година се забележува иницијатива за влез на алтернативните оператори, и тоа најчесто од операторите кои поседуваат безжична комуникациска мрежа. Во моментот на вршењето на анализата АД.Македонски Телеком е единствен понудувач на релевантните пазари за малопродажба и големопродажба на изнајмени линии,располага со голем број на претплатници и нуди голем број на услуги,во однос на своите конкуренти кои се ограничени на одредени подрачја,што претставува пречка за влез на овие пазари.АЕК заклучи дека ваквите состојби, сами по себе го отежнуваат

влегувањето на алтернативните оператори на релевантните пазарите и преставуваат бариера за влез.

## 7. Определување на поединечна значителна пазарна моќ

Концентрација на релевантните пазари 7,13 и 14 (пазарна структура)

7.1 Европската Заедница, како регулаторна рамка за електронските комуникациски мрежи и услуги, го има направено концептот на Оператори со значителна пазарна моќ, во согласност со законските дефиниции, донесени од страна на Европскиот Суд на Правдата:
*"Доминантната по зиција, во однос на позицијата на економска моќ, има обврска која овозможува да се спречи ефикасна конкуренција, да се биде носител на релевантниот пазар со овозможување на моќта да се однесува во забележителна мерка независно од своите конкуренти, купувачи и крајните потрошувачи ".*

7.2 Членот 14 од основната Директива (Framework Directive) ефикасно ја отсликува оваа дефиниција за доминација и го изедначува Операторот со значителна пазарна моќ со *"позицијата на економска моќ, овозможувајќи и на моќта да се однесува независно од своите конкуренти, купувачи и крајните потрошувачи ".*

7.3 Оператори кои сакаат брз пренос и проток на податоци изнајмуваат(закупуваат)делови од изнајмени линии,кои можат да се обезбедуваат преку разни инфраструктури како што се бакарната мрежа,кабелската мрежа,безжичната мрежа или оптичката мрежа.Од неодамана Операторите за овие цели користат и Ethernet мрежа која во моментов е една од најпопуларните локални мрежи во светот,каде со брзиот технолошки развој, во последно време се појавува како стандардна технологија за изградба на високопропусни урбани мрежи. Ethernet станува сериозен конкурент.

7.4 Наспроти либерализацијата во 2005 година, АД Македонски Телеком е единствениот оператор кој обезбедува малопродажни услуги и големопродажни услуги како што се интерконекција и/или пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација со цел да се овозможи претплатниците од едниот оператор да комуницираат со претплатниците на истиот или други оператори или да пристапат до приклучок и пренос на повици,пренос на податоци и изнајмени линии.

7.5 Согласно Законот за електронски комуникации и подзаконските акти донесени од страна на АЕК(04.09. 2008 година), АД Македонски Телеком е прогласен за Оператор со значителна пазарна моќ на малопродажниот пазар( пазар 7)како и на големопродажните пазари(пазар13,14)со што беше должен до АЕК да достави „Понуда за обезбедување на минимален пакет на изнајмени линии„ и „Понуда за обезбедување на терминални и/или преносни сегменти на изнајмени линии„. АД Македонски Телеком ги достави горенаведените понуди до АЕК во законски предвидениот рок.

**Пазарно учество на релевантните пазари**

7.6 Пазарниот удел на операторите на релевантните пазари е значаен показател за пазарната моќ на истите. Европската комисија со Основните напатствија за вршење на анализа на релевантни пазари [1] ја дефинираат значителната пазарна моќ на релевантен пазар:
*„операторите и давателите на услуги кои имаат помалку од 25 % удел на релевантниот пазар се смета дека не поседуваат доминантна позиција, додека учеството кое изнесува повеќе од 40 % се претпоставува дека има доминантна позиција. Случај на многу висок пазарен удел од над 50 % е доказ за постоење на доминантна позиција.„*

***Коментар на АД Македонски Телеком:***

*Ваквиот математички пристап предлагаме да биде заменет со пристап кон географски сегментиран пазар, од причини кои се наведени погоре.*

***Одговор на коментар:***

*Во врска со коментарот за точка 7.6 АЕК го дава следното мислење: Релевантниот географски пазар го вклучува просторот во кој операторите и давателите на услуги се инволвирани од аспект на понуда и побарувачка на релевантни производи и услуги, во кој простор условите на конкуренција се слични или доволно хомогени, и истите можат да бидат разграничени од соседните простори во кои преовладуваат услови на конкуренција кои се значително различни. Географската димензија на релевантните пазари, предмет на оваа анализа се определува имајќи ги во предвид подрачјето покриено со мрежа и постоењето на легални или други регулаторни инструменти. АЕК смета дека условите на понуда на изнајмени линии се хомогени на територијата на Република Македонија. АД Македонски Телеком има национална телефонска мрежа и нуди изнајмени линии до секоја географска зона по еднакви цени на*

*целата територија на Република Македонија. Врз основа на направените проценки, елаборирани во Нацрт документот, АЕК смета дека релевантен географски пазар за пазарите-7, 13 и 14 е територијата на Република Македонија, што кореспондира со Одлука та за утврдување на релевантни пазари (бр. 13/34 од 17.08.2005 година).*

7.7 Согласно член 13 од Законот за заштита на конкуренцијата став 3:
*"се претпоставува дека едно претпријатие има доминантна позиција, ако неговото учество на релевантниот пазар изнесува повеќе од 40 %, освен ако претпријатието не го докаже спротивното."*

7.8 Големото пазарено учество на Операторот со значителна пазарна моќ е значаен показател за постоење на доминантна положба на релевантните пазари,како што произлегува од судската практика на судот на Европската заедница каде Операторот има пазарно учество поголемо од 50% само по себе е доказ за постоење на Оператор со значителна пазарна моќ на релевантен пазар. Мерките кои е потребно да се употребат при мерењето на пазарното учество се различни,во зависност од значајноста на релевантниот пазар.

7.9 Пазарното учество на малопродажниот пазар на изнајмени линии може да се измери со помош на неколку различни критериуми, како на пример приходи,волумен или вкупен капацитет (вкупен број на приклучоци) што го остваруваат Операторите кои имаат сопствена мрежа и нудат изнајмени линии на други даватели на електронски комуникациски услуги. АЕК смета дека приходите кои се остваруваат од понудените приклучоци на изнајмените линии на други оператори и/или даватели на електронски комуникациски услуги треба да бидат земени како критериум за утврдување на значителна пазарна моќ на еден Оператор.




График 2: Малопродажба – последен квартал - 31.12.2008 година

| Назив на операторот | Стуктура на приходи на малопродажниот пазар (%) | Структура на вкупен број на приклучоци на малопродажниот пазар (%) |
|---|---|---|
| | | |
| АД Македонски Телеком | 98,22 % | 97,39 % |
| Алтернативни оператори | 1,78 % | 2,61 % |

*Табела 3: Пазарното учество на малопродажниот пазар според приходите и бројот на приклучоци на изнајмените линии(сопствена мрежа)*

7.10 Од табелата јасно се гледа дека АД Македонски Телеком има висок удел на малопродажниот пазар, остварува најголем приход од продажба и препродажба на изнајмени линии во сопствената мрежа.Се забележува иницијатива за влез на алтернативните оператори во втората половина на 2008 година, но пазарното учество на алтернативните оператори и/или даватели на јавни електронски комуникациски услуги кои продаваат и/или препродаваат изнајмени линии на малопродажниот пазар е многу мало. Со направената анализа за бројот на приклучоци на релевантниот пазар влезот на алтернативните оператори е поголем во последниот квартал од 2008 година, но тоа не значи одземање на корисниците(бројот на приклучоците останува ист) на АД.Македонски Телеком,туку тоа се должи на понудени поевтини цени на новите корисници на изнајмените линии.

Треба да напоменеме дека цените на минималниот пакет на изнајмени линии не се променети од 2006 година иако беше донесен „Правилник за начинот и постапката за обезбедување на минимален пакет на изнајмени

линии„(Службен весник бр.106/2005) кој беше во согласност со Европските директиви. Во Правилникот за начинот и постапката за обезбедување на минимален пакет на изнајмени линии, малопродажните цените на изнајмените линии треба да бидат ориентирани според трошоците што е во согласност со член 49 став 2 точка в) од Законот за електронски комуникации. Цените на услугите кои се во состав на минималниот пакет на изнајмени линии се состојат од еднократен надомест за почетно приклучување на изнајмената линија и месечен надомест за користење на изнајмената линија,додека цените на услугите се формираат врз основа на типот на изнајмената линија,времетраењето на договорот и локациите на крајните точки на изнајмената линија.

| Надомест | Цени во МКД |
|---|---|
| Еднократен надомест за растојание до 250м од местото на дистрибуција | 5.030,00 |
| Еднократен надомест за растојание над 250м од местото на дистрибуција | 5.030,00 +вистински трошоци за делот над 250м |
| **Месечна претплата** | |
| Месечна претплата за двожична изнајмена линија | 400,00 + 250,00 / км |
| Месечна претплата за четворожична изнајмена линија | 400,00 + 500,00 / км |
| Месечна претплата за национална мрежа | 16.800,00 |

*Табела 4: Цени за аналогни изнајмени линии*

| Надомест/Месечна претплата | Цени во МКД |
|---|---|
| Еднократен надоместок во локална мрежа | 22.985,00 |
| Еднократен надоместок во национална мрежа | 22.985,00 |
| Месечна претплата во локална мрежа | 8.554,00 |
| Месечна претплата во национална мрежа | 8.554,00 + 139,00 / км |

*Табела 5: Цени за дигитална изнајмена линија 64 Kbit/s*

| Надомест/Месечна претплата | Цени во МКД |
|---|---|
| Еднократен надоместок во локална мрежа | 155.400,00 |
| Еднократен надоместок во национална мрежа | 155.400,00 |
| Месечна претплата во локална мрежа | 62.160,00 |
| Месечна претплата во национална мрежа | 62.160,00 + 1.400,00 / км |

*Табела 6: Цени за дигитална изнајмена линија 2048 Kbit/s неструктурирана*

| Надомест/Месечна претплата | Цени во МКД |
|---|---|
| Еднократен надоместок во локална мрежа | 155.400,00 |
| Еднократен надоместок во национална мрежа | 155.400,00 |
| Месечна претплата во локална мрежа | 62.160,00 |
| Месечна претплата во национална мрежа | 62.160,00 + 1.400,00 / км |

*Табела 7: Цени за дигитална изнајмена линија 2048 Kbit/s структурирана*

7.10 Прикажаните цени во Табелите 4, 5, 6и 7 , се за склучен договор со траење од една година, доколку се склучува договор на повеќе години АД Македонски Телеком одобрува попуст на приклучната такса и до 100%, а на месечната претплата до 30%. Земајќи ги во предвид доставените податоци од Операторите и/или давателите на електронски комуникациски услуги според приходот остварен од бројот на приклучоци во сопствена мрежа и препродажба на делови од мрежата за временски период од 31.12.2006 година до 31.12.2008 година,најголем дел од приходите се остваруваат од големите корисници,односно АД. Македонски Телеком на овој начин прави јасна поделба на мали и големи корисници и има голема предност пред своите конкуренти на малопродажниот пазар за изнајмени линии.

7.11 АД Македонски Телеком има голем удел на малопродажниот пазар, остварува најголем приход од продажба на изнајмени линии, додека пазарното учество на алтернативните оператори и/или даватели на јавни електронски комуникациски услуги е многу мало.

Пазарното учество на големопродажниот пазар според приходите остварени од бројот на приклучоци е дадено во следнава табела:




График 1: Големопродажба - заклучно 31.12.2008 година

| Назив на операторот | Структура на приходи на големопродажниот пазар (%) | Структура на вкупен број на приклучоци на големопродажниот пазар (%) |
|---|---|---|
| АД Македонски Телеком | 100% | 100% |
| Алтернативни оператори | 0% | 0% |

*Табела 8: Пазарното учество на големопродажниот пазар според приходите и бројот на приклучоци на изнајмените линии(сопствена мрежа)*

7.12 Од табелата јасно се гледа дека АД Македонски Телеком има големо учество на големопродажниот пазар, остварува најголем приход од продажба на изнајмени линии.Оператор кој има големо учество на релевантен пазар може да се определи за Оператор со значителна пазарна моќ ако големото пазарното учество било константно низ подолг временски период.Во Република Македонија во анализираниот период 2006 – 2008 година работи само еден Оператор како понудувач на изнајмени линии на големопродажниот пазар,тоа е АД Македонски Телеком кој има 100% пазарно учество.

Цените за терминирани и/или преносни сегменти на изнајмени линии се формираат врз база на цените за референтниот модел на дел од изнајмена линија(LLPC) согласно Препораката на Европската Комисиј а C(2005)951/1final. Истите треба ги опфатат трошоците за основните мрежни елементи и услугите кои се побарани вклучувајќи разумен поврат на инвестицијата. Прикажаните цени во Табела 9 , се за склучен договор со траење од две години

| Капацитет (километар) | Цени за Еднократен и Месечен надомест во МКД |
|---|---:|
| 64 kbit/s (до 2 km) | 3.733,00 |
| 2 Mbit/s (до 2 km) | 11.383,00 |
| 34 Mbit/s (до 2 km) | 54.590,00 |
| 155 Mbit/s (до 2 km) | 73.807,00 |
| 64 kbit/s (до 5 km) | 4.774,00 |
| 2 Mbit/s (до 5 km) | 15.178,00 |
| 34 Mbit/s (до 5 km) | 58.936,00 |
| 155 Mbit/s (до 5 km) | 81.518,00 |
| 64 kbit/s (до 15 km) | 5.018,00 |
| 2 Mbit/s (до 15 km) | 20.380,00 |
| 34 Mbit/s (до 15 km) | 97.736,00 |
| 155 Mbit/s (до 15 km) | 121.849,00 |
| 64 kbit/s (до 50 km) | 6.059,00 |
| 2 Mbit/s (до 50 km) | 32.987,00 |
| 34 Mbit/s (до 50 km) | 155.387,00 |
| 155 Mbit/s (до 50 km) | 253.613,00 |

*Табела 9: Цени за терминални и преносни сегменти на изнајмени линии*

7.13 Сето погоре прикажано, не е со цел да се контролираат сите можни фактори, релевантни за утврдување на Оператор со значителна пазарна моќ. П овеќе намерата е да биде како еден вид приказ што би помогнал да се разберат релевантните пазарни динамики. Понатаму, релативната важност за секој фактор поединачно, може да е променлива од една анализа кон наредната, како што е промената на пазарни карактеристики или динамики. Анализите на АЕК ги опфаќаат и потенцијалните ограничувања на конкуренцијата на пазарите за големопродажба на преносните сегменти на изнајмени линии и големопродажбата на терминалните сегменти на изнајмени линии кои влијаат на ограничувањето на конкуренцијата на малопродажниот пазар.АЕК и понатаму ќе го следи учеството на малопродажниот и големопродажниот пазар на Операторот со значителна пазарна моќ врз основа на мерењата на остварениот приход на релевантните пазари и капацитетот на изнајмените линии.

## Големината на Операторите

7.14 Изнајмените линии се наменети за користење од страна на мали и големи фирми каде работата на фирмите зависи од потребата за постојана присутност на интернет,пренос на податоци со големи брзини.Предностите на изнајмените линии се: големата брзина,сигурноста,во ист момент поголем број на корисници на интернет како и можноста континуирано да се биде присутен на интернет.

7.15 Цените на изнајмените линии се доста високи бидејќи се плаќаат според должината,треба да се додаде и цената за поединечната услуга,затоа корисници се во потрага по нови,поевтини изнајмени линии.На малопродажниот пазар корисниците се повеќе преферираат користење на виртуелни или приватни мрежи и xDSL пристап и пристап преку етернет.Според тоа xDSL и кабелскиот интернет за корисниците се многу интересни од аспект на цените во споредба со цените на изнајмените линии. Во моментот на анализата на малопродажниот пазар постојат неколку даватели на услуги кои користат изнајмени линии од АД Македонски Телеком и нудат услуги.Треба да напоменеме дека АД Македонски Телеком е доста активен на малопродажниот пазар,ги обезбедува услугите за најголем број на корисници.

7.16 Во моментот на анализата на пазарот постои само еден Оператор кој ја дава услугата големопродажба на изнајмени линии во Р.Македонија и тоа АД Македонски Телеком кој е доста активен на пазарите во големопродажба на терминални сегменти на изнајмени линии и во големопродажба на преносни сегменти на изнајмени линии.

*АД Македонски Телеком* ги обезбедува услугите од двата пазара и тоа: малопродажни пакети на изнајмени линии,големопродажни терминални сегменти на изнајмени линии и големопродажни преносни сегменти на изнајмени линии. Двата понудени продукти се предмет на регулација на цените и нивна контрола. Големопродажниот пазар започнал да се преобразува од големопродажни изнајмени линии (WLL – Wholesale Leased Lines) во Приватен дел на коло на изнајмени линии ( PPC – Private Partial Circuits) што е предмет на регулација од страна на АЕК.

*ОН-НЕТ* започнува со работа од 2006 година како давател на електронски комуникациски услуги со што има склучено договор за интерконекција и разврзан пристап до локална јамка и подјамка со АД Македонски Телеком.Од 2008 година располага со мала сопствена оптичка мрежа во градот Скопје,која

првенствено служи за поврзување на локалните комутациски центри според архитектурата на мрежата на АД Македонски Телеком во Скопје со сопствениот комутацискиот центар.ОН-НЕТ на големопродажниот пазар не нуди терминални и/или преносни сегменти на изнајмени линии.

*Космофон* започнува со работа од Октомври 2002 година кога добива концесија за мобилна телефонија,од 2008 година почнува да нуди услуги и од фиксната телефонија.Исто така треба да напоменеме дека Космофон добива и концесија за WIMAX,поседува технологија која овозможува широкопојасно поврзување на големи растојанија.Располага со безжична мрежа која е проектирана за пренос на говор,видео,податоци,изнајмени линии која првенствено се користи за сопствени потреби.Космофон може да користи делови од сопствената мрежа за препродажба на алтернативните оператори кои би служеле за поврзување до крајните корисници.

*Неотел* започнува со работа со добивањето на концесија за WIMAX на национално ниво,со технологија која овозможува широкопојасно поврзување на големи растојанија.Технологијата им е специјално дизајнирана за интернет апликации,услуги и безбедност но со можност за номадски пристап.Неотел нуди домашни и меѓународни дигитални изнајмени линии кои овозможуваат директно поврзување на локациите на крајните корисници (точка – точка)независно од останатата јавна инфраструктура со најразлична брзина на пренос,како и Етернет пренос.

*Телесмарт Телеком* е ралативно нова компанија на Македонскиот телекомуникациски пазар.Во градот Скопје работи преку локална фибер - оптичка мрежа и партнерства со останати провајдери,и како таква мрежата е во можност да понуди национални и меѓународни (точка – точка)решенија за своите клиенти.Мрежата е проектирана за пренос на податочно базирани сервиси,вклучувајќи пренос на видео,говор,изнајмени линии, како и IP – базирани сервиси и интернет пристап со капацитет на инсталираниот дистрибутивен систем до 40 Gbit/s.

*МЕПСО* бил основан и се појавил во 2005 година, како оператор за снабдување со електрична енергија. Овој оператор изградил и поседува мрежа со оптичко влакно, но не низ целата територија на Р.Македонија,под електричната високонапонска мрежа. МЕПСО располага со големи капацитети кои сега засега ги користи за сопствени потреби,слободните капацитети може да ги понуди на алтернативните оператори.

*ЈПМЖ* - Инфраструктура изградил и поседува мрежа со оптичко влакно за сопствени потреби,но не низ целата територија на Р.Македонија,може да врши препродажба на некои делови од сопствената мрежа на алтернативните оператори кои би служеле за поврзување до крајните корисници.

*ЈП Македонска радиодифузија* располага со безжичана мрежа (радио мрежа) низ целата територија на Р.Македонија која првенствено служи за пренос на програмските содржина на Македонската Радио Телевизија.Слободните капацитети од мрежата(микробранови траси,аудио и видео канали) ги нуди на пазарот со определена цена на закупнината.

**Контрола на инфраструктура која не се дуплира едноставно**

7.17 Ако оператор има контрола на инфраструктура која не се дуплира едноставно, а таа инфраструктура преставува значаен влезен фактор на релевантниот пазар, тоа може да преставува значајна бариера за влез за потенцијалните конкуренти.Се смета дека не е економски профитабилно да се воспостави комплетна инфраструктура за пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација, пред се поради значителните економии на обем, економии на интеграција и трошоци кои во нормални услови се рентабилни на долг рок. Како што се дефинирани во Основните напатствија од Европската комисија[1], овие трошоци преставуваат една од најзначајните бариери за влез. Sunk cost се особено значајни за секторот на електронски комуникации особено имајќи ги во предвид големите инвестиции за изградба на ефикасна електронска комуникациска мрежа и веројатно е дека мал обем од овие трошоци би можеле да бидат надоместени ако алтернативниот операторот одлучи да излезе од тој пазар пред определениот временски период. Бариерите за влез се продлабочуваат со постоењето на економија на обем која генерално е карактеристика на секоја мрежа. Според тоа, поголема мрежа секогаш ќе има помали трошоци наспроти помала мрежа, а новиот кој влегува на пазарот обидувајќи се да биде конкурентен на пазарот и да оствари се поголемо учество на пазарот ќе мора да понуди цени за услугите под нивото на цените на операторите кои се веќе етаблирани на пазарот, а со тоа уште повеќе се отежнува надоместувањето на овие таканаречени потонати трошоци. Трошоците кои не можат да се надоместат (sunk costs) се фиксни трошоци кои се препишуваат како ненадоместлива инвестиција што произлегува од фактот дека оној оператор кој ќе направи ваква инвестиција не може да очекува да ја врати инвестицијата со едноставна продажба на инвестиционите производи доколку истиот сака да го напушти пазарот. Ненадоместливите трошоци всушност имаат големо значење за потенцијалните оператори кои сакаат да

влезат на релевантниот пазар и истиот се соочува со значајна одлука за креирање на релевантни трошоци кои се во голем износ наспроти трошоците кои ги имаат операторите кои веќе ги обезбедуваат услугите на релевантниот пазар. Разликата што се јавува како резултат на различните трошоци помеѓу операторите кои се веќе на пазарот и оние кои сакаат да влезат на истиот креира бариера за влез за потенцијалните конкуренти.

7.18 На релевантните пазари, предмет на анализата, овој вид на трошоци преставуваат значителен износ за новите оператори кои размислуваат да воспостават физичка инфраструктура се до пристапна мрежа до индивидуалните домаќинства. Ова е фактор кој делува лимитирачки на изградбата на алтернативната инфраструктура или пак најмалку што може е да ја намали брзината на делување.

7.19 Друг фактор кој ја докажува проценката дека критериумот контрола на инфраструктура која не се дуплира едноставно претставува висока бариера за влез на релевантните пазари , предмет на оваа анализа, е фактот дека алтернативен оператор и/или давател на услуги преку битстрим пристап или препродажба на битстрим услуга доколку сака да ги обезбедува свои услуги за трети страни мора да ја користат бакарната пристапна мрежа на АД Македонски Телеком.

7.20 Доколку пристапот до мрежата на АД Македонски Телеком е регулиран на големопродажно ниво, поточно регулацијата на големопродажните пазари каде оперираат вертикално интегрираните оператори е присутно и ги дава очекуваните резултати тогаш контролата на АД Македонски Телеком на неговата инфраструктура не мора задолжително да преставува значителна бариера за влез на овие пазари.

7.21 Алтернативните оператори и/или даватели на услуги, кои сакаат да обезбедуваат услуги на малопродажните пазари, треба да се појават на големопродажниот пазар на изнајмени линии или да склучат договор за разаврзан пристап на локална јамка согласно Референтната понуда за разврзан пристап на локална јамка на АД Македонски Телеком. Имено, во моментов, единствен оператор кој има склучено договор со АД Македонски Телеком е операторот Он Нет, кој своите малопродажни услуги ги обезбедува преку разврзаната локална јамка на АД Македонски Телеком. Согласно расположливите податоци за бројот на разврзани јамки во минатото, АЕК смета дека оваа тенденција ќе продолжи. Треба да се напомене дека голем дел од инвестициите на АД Македонски Телеком поврзани со пристапот на мрежата се веќе вратени,сепак секој новодојден оператор е слободен во

изборот на поекономична технологија од технологијата на АД Македонски Телеком.Иако новата технологија за пристап може да ја промени ваквата ситуација,сепак проценката на АЕК е дека контролата на пристапот на национално ниво што ја има АД Македонски Телеком се смета за значајна бариера за влез на овој пазар.

**Лесен или привилегиран пристап до финансиски ресурси и пристап до пазарите на капитал**

7.22 Пристапот до финансиски ресурси и пазари на капитал преставуваат многу значаен фактор за операторите и давателите на услуги заради влегување на пазарот за пристап до мрежа. Ова е од особено значење за пазари на кои е неопходна голема иницијална инвестиција (високи трошоци за влез), како на пример градење на инфраструктурата потребна за обезбедување на релевантните услуги, кои инвестиции се враќаат на среден или долг рок во определена временска рамка. Разликите помеѓу оператори во однос на пристап до финансиски ресурси и пристап до пазарите на капитал може да преставува бариера за влез. Како дополнение, во случај сите останати услови да се еднакви за операторите, за очекување е дека операторот кој поседува значителна пазарна моќ и има лесен пристап до финансиски ресурси би бил помалку подложен на конкуренција од операторот кој поседува значителна пазарна моќ а нема лесен пристап до финансиски ресурси. Меѓу другото, операторот кој поседува значителна пазарна моќ и има лесен пристап до финансиски ресурси е во позиција да го задржи своето пазарно учество и во случај нови оператори да влезат на пазарот наспроти оператор кој поседува значителна пазарна моќ а нема лесен пристап до финансиски ресурси.Имајќи ја во предвид мрежата која ја поседува АД Македонски Телеком, алтернативните оператори би имале висока капитална инвестиција да изградат алтернативна мрежа. Ова е фактор кој може да делува како бариера за влез на овие релевантни пазари.Генерално, нема основа да се заклучи дека АД Македонски Телеком има подобар пристап до финансиски ресурси од алтернативните оператори кои се веќе влезени на пазарите. Дури и да се претпостави дека АД Македонски Телеком ужива подобра позиција од аспект на пристап до финансиски ресурси наспроти неговите конкуренти на овие релевантни пазари, значаен е фактот дека конкурентите се исто така големи компании.

**Развој на продажна и дистрибутивна мрежа**

7.23 Продажната и дистрибутивната мрежа и степенот на развиеност на истата игра клучна улога во обезбедувањето на услугите, особено малопродажните. Со

развиена продажна и дистрибутивна мрежа услугата за обезбедување на изнајмени линии, може да биде продадена и дистрибуирана поевтино и поефикасно и исто така може да влијае на одлуката на корисниците. Развиена продажна и дистрибутивна мрежа може да биде постигната и одржувана единствено со високи трошоци. Исто така, фактот дека АД Македонски Телеком има склучено ексклузивни договори со најголемите и воедно најзначајните дистрибутивни канали на пазарите преставува предност наспроти останатите оператори и/или даватели на услуги.

**Економија на интеграција, економија на обем и степен на вертикална интеграција**

7.24 Економиите на интеграција и економиите на обем не само што можат да преставуваат бариера за влез за новите потенцијални оператори кои сакаат да влезат на пазарот туку воедно се конкурентска предност. Имено, на пазарот за изнајмени линии, густината и покриеноста на мрежата на АД Македонски Телеком се фактори кои предизвикуваат конкуренската предност наспроти своите конкуренти.Оној алтернативен оператор, кој сака да користи сопствена инфраструктура за обезбедување на релевантната услуга, ефектот на економија на обем и економија на интеграција резултираат со повисоки износи наспроти АД Македонски Телеком,заради придобивање на претплатниците од АД Македонски Телеком, тој ќе мора да понуди пониски цени, што дополнително ја отежнува можноста за надоместување на овие трошоци, инвестирани во мрежна инфраструктура.

7.25 Економиите на обем се присутни кога зголемувањето на аутпутот резултира со намалување на волуменот на инпут пер аутпут и намалувањето на аутпут резултира со зголемување на волуменот на инпут per аутпут. Ова е карактеристично за производство базирано на технологија со релативно високи фиксни трошоци и значително мал износ на варијабилни трошоци. Од аспект на инфраструктурата потребна за обезбедување на релевантните услуги на релевантните пазари, предмет на оваа анализа економиите на обем можат да работат со поинтензивно и пооптимално искористување на мрежата со повисоки фиксни трошоци кога поголем волумен на услуги се обезбедува. АД Македонски Телеком исто така има ценовна конкурентска предност наспроти алтернативните оператори од аспект на економија на обем, која се јавува како резултат на постоење на заеднички трошоци во понудата на различни услуги. Колку поголем е бројот на различни електронски комуникациски производи кои вертикално интегрираниот оператор ги обезбедува на пазарот за електронски комуникации, толку повеќе истиот ќе

биде во предност да ги надомести заедничките трошоци преку обезбедување на било која од услугите. Имајќи го во предвид фактот дека дел од инфраструктурата на АД Македонски Телеком може да биде употребена за производство и дистрибуција на различни услуги, АЕК смета дека АД Македонски Телеком, со своето портфолио на производи и услуги кои ги обезбедува на сите релевантни пазари на пазарот за електронски комуникации како и бројот на претплатници поседува поголема економија на обем на релевантните пазари, предмет на анализата наспроти било кој од своите конкуренти.

7.26 Економиите на интеграција се присутни кога производството на различни аутпути (наспроти една) е поевтино во заеднички производен процес наспроти засебен производен процес, искористувајќи заедничка инфраструктура и заеднички административен систем. Од аспект на инфраструктурата потребна за обезбедување на релевантните услуги на релевантните пазари економиите на интеграција се присутни кога на пример капацитетот на мрежата се користи за обезбедување на различни услуги како кај АД Македонски Телеком кој е во состојба да понуди различни услуги за различни цени.Анализирајќи ги податоците, односно имајќи во предвид дека АД Македонски Телеком поседува инфраструктура, има значителен број на претплатници како и фактот дека обезбедува услуги и на останатите релевантни пазари (големопродажни и малопродажни) АЕК заклучи дека АД Македонски Телеком има значителна економија на интеграција на релевантните пазари, предмет на оваа анализа. Ниту еден од останатите алтернативни оператори, присутни на пазарот не се очекува да поседуваат критична маса за да можат да ја уживаат економијата на интеграција во компаративна смисла.

7.27 АД Македонски Телеком располага со пристаптната мрежа на целата територија на Република Македонија и е единствен Оператор кои ги опслужува крајните претплатници со малопродажни услуги независно од услугите на останатите учесници на пазарот.Пристапот до пристаптната мрежа е услов за влез на малопродажниот пазар од страна на алтернативните оператори,алтернативните оператори и/или даватели на услуги се зависни од инфраструктурата на АД Македонски Телеком со што им се овозможува пристап до крајните корисници.Отука произлегува дека АД Македонски Телеком настапува на големопродажниот пазар на изнајмени линии,исто така и на малопродажниот пазар,со што се пренесува моќта од големопродажниот пазар на малопродажниот пазар.Сето ова го потврдува големото пазарно учество на АД Македонски Телеком на малопродажниот пазар за изнајмени линии.Од наведеното АЕК заклучи дека АД Македонски Телеком има висок

степен на вертикална интеграција со што дополнително ја потврдува пазарната моќ на АД Македонски Телеком.

## ЗАКЛУЧОЦИ ОД АНАЛИЗАТА

Во анализите на АЕК за постоењето на конкуренцијата на пазарите беа опфатени три клучни елементи. Најпрвин , испитувањето на структурата на пазарот го идентификува механизмот на понуда и побарувачка. Како второ, разгледувањето на поделбите на пазарот се презентирани со податоци и се отценуваат трендовите. Трето, АЕК проценува дали некој конкурент е способен да делува и опстојува независно од други конкуренти.Анализите се направени врз база на испитување на историските трендови и притоа е земено во предвид веројатниот иднен развој на пазарот.

Од направената анализа произлегува дека **АД Македонски Телеком е Оператор со значителна пазарна моќ на релевантните пазари(пазар 7,13 и 14)** заради што на пазарот нема ефикасна конкуренција,тоа го покажува големото пазарно учество на големопродажниот пазар, кое изнесува 100%, додека на малопродажно ниво изнесува над 98%. Значителната пазарна моќ произлегува и од другите обработувани критериуми кои преставуват пречки за влез на релевантните пазари како што е постоењето на економија на обем, економија на интеграција, како и степенот на вертикална интеграција. Овие показатели во повеќето примери ја потврдуваат значителната пазарна моќ на АД Македонски Телеком на релевантните пазари.  Како што и се практикува, АЕК ги надградува и надополнува информациите, следејќи ги препораките на Европската Комисија.

## 8. Обврски на Операторот зо значителна пазарна моќ – големопродажба(пазар 13 и 14)

### Обврска да се овозможи пристап до мрежни капацитети и нивна употреба

8.1 Пазарите беа либерализирани во 2005 година со донесување на Законот за електронски комуникации,а особено кога Договорот за концесија склучен

помеѓу Министерството за транспорт и врски и АД Македонски Телеком престана да важи на 04.08.2008 година со објавувањето на Измените и дополнувања на Законот за електронски комуникации во Службен весник бр.98/08. Со донесување то на правилникот за Терминални и/или Преносни сегменти на изнајмени линии се создадоа услови за регулирање на овие пазари.

АЕК,согласно член 44 и член 45 од Законот за електронски комуникации може да го задолжи Операторот со значителна пазарна моќ за недискриминација при пристап до терминирани и/или преносни сегменти на изнајмени линии како дел од мрежната инфраструктура.Операторот со значителна пазарна моќ треба да ги исполни сите разумни барања за пристап до терминални и/или преносни сегменти на изнајмени линии.

Доколку Операторот со значителна пазарна моќ не ги исолни сите разумни барања за пристап до терминални и/или преносни сегменти на изнајмени линии,АЕК може да воведе дополнителни обврски,согласно член 51 од Законот за електронски комуникации.Да му наложи на Оператор со значителна пазарна моќ обврски за исполнување на сите разумни барања од страна на алтернативните оператори,за користење и пристап на одредени мрежни елементи и придружни објекти.

АЕК,исто така може да наметне и дополнителни услови за да се обезбеди праведност,разумност и навременост на исполнувањето на обврските.

Од наведените причини на ден 04.09.2008 година, АЕК изврши измена и дополнување на Правилникот за пристап и користење на специфични мрежни средства,со кој правилник се пропишуваат условите за обезбедување на физички пристап и користење на специфични мрежни елементи и придружни средства од страна на Операторот со значителна пазарна моќ на релевантните пазари во услови кога АЕК ќе оцени дека се одбива да се даде пристап или постојат неразумни услови што имаат сличен ефект од страна на Операторот со значителна пазарна моќ,би можеле да го попречат создавањето на доволно конкурентен пазар на малопродажно ниво или кога тоа не е во интерес на крајните корисници.Самиот пристап до специфични мрежни елементи и придружни средства опфаќа поврзување на опремата на алтернативниот оператор кој бара пристап до физичката инфраструктура на Операторот со значителна пазарна моќ,вклучително и до објекти,кабелски канализации и антенски столбови.

АД Македонски Телеком има висок удел на релевантните пазари каде може да донесува одлуки независно од однесувањето на другите учесници на пазарот,каде е во позиција да го ограничи или спречи пристапот до одредени делови на изнајмени линии,од овие причини АЕК ќе продолжи да го следи развојот на големопродажниот пазар и неговото влијание врз малопродажниот пазар.

Обврската која ја наложи АЕК за пристап до терминални и/или преносни сегменти на изнајмени линии како дел од мрежната инфраструктура на АД Македонски Телеком ќе важи и во иднина.

| |
|---|
| Прашање бр.1 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

**Обврска да се овозможи недискриминација**

8.2 АЕК,согласно член 46 и член 50 од Законот за електронски комуникации може да го задолжи Операторот со значителна пазарна моќ за недискриминација при пристап до терминални и/или преносни сегменти на изнајмени линии како дел од мрежната инфраструктура.Предмет на оваа анализа е големопродажниот пазар за изнајмени линии,според тоа обврската која се наметнува од страна на АЕК е оправдана.

Со наметнатата обврска ќе се овозможи да алтернативните оператори имаат право на еднакви услови ,еднакви цени ,информации(планирани промени во мрежата) со ист квалитет како што АД Македонски Телеком ги овозможува за своите услуги кои ги нуди на малопродажниот пазар или за своите деловни единици или партнери.Исто така треба да напоменеме дека АД Македонски Телеком е обврзан договорите кои ги склучил за пристап до терминални и/или преносни сегменти на изнајмени линии како дел од мрежната инфраструктура со алтернативните оператори и/или даватели на јавни електронски комуникациски услуги,да ги достави до АЕК во рок од 5 дена од денот на склучувањето.

АЕК наведената обврска ја наложи со„Правилникот за обезбедување на терминални и/или преносни сегменти на изнајмени линии„кои беа донесени на 04.09.2008 година од страна на Комисијата на АЕК.Обврската која ја наложи АЕК за недискриминација на АД Македонски Телеком ќе важи и во иднина.

| |
|---|
| Прашање бр.2 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

**Обврска да се овозможи трансаретност**

8.3 АЕК,согласно член 45 и член 50 од Законот за електронски комуникации може да го задолжи Операторот со значителна пазарна моќ јавно да ги објавува податоците за пристап до терминални и/или преносни сегменти на изнајмени линии како дел од мрежната инфраструктура.

Операторот со значителна пазарна моќ треба да доставува до АЕК„Понуда за обезбедување на терминални и/или преносни сегменти на изнајмени линии„а АЕК е должен да ја разгледа и во определен временски рок да ја одобри или доколку истата не се во согласност со одредбите од Законот за електронски комуникации или подзаконските акти да го извести Операторот со значителна пазарна моќ дека постојат неусогласености.Операторот со значителна пазарна моќ е должен да ги исправи неусогласеностите и во определен рок да ја достави „ „Понуда за обезбедување на терминални и/или преносни сегменти на изнајмени линии„ на повторно одобрување.Одобрената „Понуда за обезбедување на терминални и/или преносни сегменти на изнајмени линии„од страна на АЕК, Операторот со значителна пазарна моќ е должен да ја објави на својата веб страна.

За да се овозможи транспарентноста„Понуда за обезбедување на терминални и/или преносни сегменти на изнајмени линии„треба да содржи и:

- Технички карактеристики ,вклучувајќи ги и физичките и електричните карактеристики,деталните технички спецификации за перформансите што важат за крајните точки на мрежата,како и информации за квалитетот на услугата;
- Цените за терминални и/или преносни сегменти на изнајмени линии,вклучувајќи надоместок за почетно приклучување, месечен надоместок и други видови надоместоци, вклучувајќи ги и можните попусти;
- Информации во врска со процедурата за обезбедување на терминални и/или преносни сегменти на изнајмени линии;
- Рок за изведба на приклучувањето за поединечни видови на терминални и/или преносни сегменти на изнајмени линии;
- Времетраење на договорот за терминални и/или преносни сегменти на изнајмени линии ,условите и начините за предвремено раскинување или продолжување на договорот;
- Време за отстранување на пречки,кога за ист вид на изнајмена линија се нудат различни класи на квалитет на поправка,се објавуваат различни времиња за отстранување на пречки;
- Сите постапки за обесштетување.

АЕК наведената обврска ја наложи со„Правилникот за обезбедување на терминални и/или преносни сегменти на изнајмени линии„кои беа донесени на 04.09.2008 година од страна на Комисијата на АЕК. Обврската која ја наложи АЕК за транспарентност на АД Македонски Телеком ќе важи и во иднина.

| |
|---|
| Прашање бр.3 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

**Посебно сметководство**

8.4 Операторот со значителна пазарна моќ треба да води посебно сметководство согласно одредбите од член 47 од Законот за електронски комуникации.
АЕК наведената обврска ја наложи со„Правилникот за начинот на водење на посебно сметководство за активностите поврзани со интерконекција и/или пристап„и„Правилникот за обезбедување на терминални и/или преносни сегменти на изнајмени линии„кои беа донесени на 04.09.2008 година од страна на Комисијата на АЕК. Обврската која ја наложи АЕК за водење на посебно сметководство на АД Македонски Телеком ќе важи и во иднина.

| |
|---|
| Прашање бр.4 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

**Контрола на цени и обврска за сметководство на трошоци**

8.5 АЕК,може да му наметне на Операторот со значителна пазарна моќ на релевантен пазар обврска висината на цените на услугите да бидат базирани на реалните трошоци и контрола на цени согласно одредбите од член 48 од Законот за електронски комуникации.АЕК наведената обврска ја наложи со “ Правилникот за обезбедување на терминални и/или преносни сегменти на изнајмени линии “, кој беше донесен на 04.09.2008 година од страна на Комисијата на АЕК. Обврската која ја наложи АЕК за контрола на цени и сметководство на трошоци на АД Македонски Телеком ќе важи и во иднина.

| |
|---|
| Прашање бр.5 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

## 9.Обврски на Операторот зо значителна пазарна моќ – малопродажба (пазар 7)

### Обврска да се овозможи недискриминација

9.1 Операторот со значителна пазарна моќ,на кој му се наметнува оваа обврска за недискриминација мора да обезбеди слични услови во слични околности за субјекти што обезбедуваат слични услуги и треба изнајмените линии за други субјекти да ги обезбедува под еднакви услови и со еднаков квалитет како за своите сопствени услуги или услугите на своите деловни единици или партнери. Според наведеното,АЕК на АД Македонски Телеком како Оператор со значителна пазарна моќ на релевантниот малопродажен пазар,ја наметува оваа регулаторна обврска за недискриминација. Исто така треба да напоменеме дека АД Македонски Телеком е обврзан договорите кои ги склучил за обезбедување на минимален пакет на изнајмени линии да ги достави до АЕК во рок од 5 дена од денот на склучувањето.

АЕК наведената обврска ја наложи со „Правилникот за обезбедување на минимален пакет на изнајмени линии„ кои беа донесени на 04.09.2008 година од страна на Комисијата на АЕК. Обврската која ја наложи АЕК за недискриминација на АД Македонски Телеком ќе важи и во иднина.

| |
|---|
| Прашање бр.6 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

### Обврска да се овозможи транспарентност

9.2 Операторот со значителна пазарна моќ треба да доставува до АЕК „Понуда за обезбедување на минимален пакет на изнајмени линии„ и јавно да ги објавува податоците за обезбедувањето на минимален пакет на изнајмени линии, а АЕК е должен да ја разгледа и во определен временски рок да ја одобри или доколку истата не се во согласност со одредбите од Законот за електронски комуникации или подзаконските акти да го извести Операторот со значителна пазарна моќ дека постојат неусогласености.Операторот со значителна пазарна моќ е должен да ги исправи неусогласеностите и во определен рок да достави „Понуда за обезбедување на минимален пакет на изнајмени линии„ на повторно одобрување.Одобрената „Понуда за обезбедување на минимален пакет на изнајмени линии„ од страна на АЕК, Операторот со значителна пазарна моќ е должен да ја објави на својата веб страна.

За да се овозможи транспарентноста„Понуда за обезбедување на минимален пакет на изнајмени линии„ треба да содржи и:

- Технички карактеристики ,вклучувајќи ги и физичките и електричните карактеристики,деталните технички спецификации за перформансите што важат за крајните точки на мрежата,како и информации за квалитетот на услугата;
- Цените за поединечни видови на изнајмени линии од минималниот пакет на изнајмени линии,вклучувајќи надоместок за почетно приклучување, месечен надоместок и други видови надоместоци, вклучувајќи ги и можните попусти;
- Информации во врска со процедурата за обезбедување на минимален пакет на изнајмени линии;
- Рок за изведба на приклучувањето за поединечни видови на изнајмени линии од минималниот пакет на изнајмени линии;
- Времетраење на договорот за обезбедување на минимален пакет на изнајмени линии ,условите и начините за предвремено раскинување или продолжување на договорот;
- Време за отстранување на пречки,кога за ист вид на изнајмена линија се нудат различни класи на квалитет на поправка,се објавуваат различни вермиња за отсранување на пречки;
- Сите постапки за обесштетување.

АЕК наведената обврска ја наложи со „Правилникот за обезбедување на минимален пакет на изнајмени линии„ кој беше донесен на 04.09.2008 година од страна на Комисијата на АЕК. Обврската која ја наложи АЕК за транспарентност на АД Македонски Телеком ќе важи и во иднина.

Прашање бр.7 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите?

**Регулирање на малопродажни цени**

9.3 АЕК,врз основа на анализа на пазарот, може да му наметне на Операторот со значителна пазарна моќ на релевантен малопродажен пазар обврски поврзани со регулирањето на малопродажните услуги, доколку се покаже дека

големопродажниот регулиран пазар не ги дава очекуваните резултати согласно со целите на Законот за електронски комуникации и одредбите од член 49 на Законот за електронски комуникации. АЕК наведената обврска ја наложи и со „Правилникот за обезбедување на минимален пакет на изнајмени линии„ кој беше донесен на 04.09.2008 година од страна на Комисијата на АЕК.

Треба да напоменеме дека АЕК ја има одобрено„Понуда за обезбедување на терминални и/или преносни сегменти на изнајмени линии,на АД Македонски Телеком,која започна да се применува од 01.01.2009 година. АЕК е на мислење дека временскиот период е премногу краток(на 20.08.2009 година беа испратени прашалниците до Операторите и/или даватели на јавни електронски комуникациски услуги) за да се видат резултатите кои се очекуваат од големопродажниот регулиран пазар(„Понуда за обезбедување на терминални и/или преносни сегменти на изнајмени линии„), дали малопродажниот пазар ги дава очекуваните резултати,и според тоа регулацијата на цените за поединечни видови на изнајмени линии од минималниот пакет на изнајмени линии треба да се регулира согласно член 49 став 2 од Законот за електронски комуникации.

Аек,согласно планот за работа во 2009 година треба да изработи методологија за регулација на малопродажните пазари во соработка со заинтересираните страни на посебна јавна расправа.

Прашање бр.8 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите?

***Коментар на АД Македонски Телеком:***

*Со предложувањето на регулација на големопродажните изнајмени линии, како и со тоа што Европската комисија во својата препорака 2007/879/ЕС го укинува Минималниот пакет за изнајмени линии како релевантен пазар како и предлогот да се укинат повеќе претходно детерминирани релевантни пазари кои не треба да бидат предмет на ex ante регулација, сметаме дека треба да нема регулација на Минималниот пакет на изнајмени линии.*

***Одговор на коментар:*** *Во врска со коментарот за точка 9.3 АЕК го дава следното мислење: Согласно член 13 од Законот за заштита на конкуренцијата став 3: “се претпоставува дека едно претпријатие има доминантна позиција, ако неговото учество на релевантниот пазар изнесува повеќе од 40 %, освен ако претпријатието не го докаже спротивното.”*

*Врз основа на доставените податоци АЕК заклучи дека АД Македонски Телеком учествува над 98 % на малопродажниот пазар – Минимален пакет на изнајмени линии. АЕК, согласно член 49 од ЗЕК врз основа на анализа на пазарот, може да му наметне на Операторот со значителна пазарна моќ на релевантен малопродажен пазар обврски поврзани со регулирањето на малопродажните услуги, доколку се покаже дека големопродажниот регулиран пазар не ги дава очекуваните резултати. Воедно, во Препораката за релевантни пазари од 2007 година (COMMISSION RECOMMENDATION of 17 December 2007 on relevant product and service markets within the electronic communications sector susceptible to ex ante regulation in accordance with Directive 2002/21/EC of the European Parliament and of the Council on a common regulatory framework for electronic communications networks and services) Евро пската Комисија препорачува определување на оператор со значителна пазарна моќ на релевантен пазар кој не е содржан во Анексот на Препораката доколку анализата на пазарот покаже дека истиот не се приближува кон состојба на ефикасна конкуренција.*